# Упатство за околина

**Верзија: 19.03.2014**

## Содржина

1. Подесување на Pop-up Blocker во Google Chrome ........................................................ 2

2. Подесување на Pop-up Blocker во Mozilla Firefox ........................................................... 5

3. Подесување на Pop-up Blocker во Internet Explorer 8 ..................................................... 8

4. Инсталирање на Java....................................................................................................11

5. Инсталирање на дигитален сертификат .........................................................................13

6. Проблеми со примање на маил од Е-даноци (само за маил адреси од домените hotmail, outlook и live)........................................................................................................15

7. Проблеми со примање на маил од Е-даноци (само за маил адреси од доменот yahoo.com) ..................................................................................................................17

За да може да ја користите апликацијата, потребно е да го подесите pop-up blocker-от на пребарувачот. Во ова упатство се опфатени пребарувачите Google Chrome, Mozilla Firefox и Internet Explorer.

## 1. Подесување на Pop-up Blocker во Google Chrome[1]

Кликнете на **Customize and control Google Chrome** во горниот десен агол на прозорецот.




Од менито кое се отвора избирете **Settings.**




[1] Опишана е постапката со верзијата активна во времето кога е пишувано/развивано упатството

Во новиот прозорец кој се отвара од менито движете се надолу со помош на лизгачката лента и кликнете на линкот **Show advanced settings…**




Продолжете да се движите надолу со помош на лизгачката лента додека не дојдете до делот **Privacy,** каде што треба да кликнете на копчето **Content settings…**



Во **Content settings… движете се со помош на лизгачката лента надолу до** делот **Pop-ups каде што треба да** кликнете на копчето **Manage exceptions…**




Во делот **Hostname Pattern на** прозорецот кој се отвора, треба да ја додадете адресата на страната на **е-**Даноци https://etax-fl.ujp.gov.mk/.

откако ќе ја внесете адресата во полето за текст кликнете на копчето OK. (Слика 6)




Со оваа постапка го завршувате потребното подесување на **Google Chrome,** и можете да ја користите апликацијата.

## 2. Подесување на Pop-up Blocker во Mozilla Firefox

За да ја користите апликацијата е-Даноци со **Mozilla Firefox,** потребно е да имате некоја од поновите верзии (8, 9, 10 или повисока).

За да проверите која верзија на Mozilla Firefox ја користите кликнете на копчето **Firefox** кое се наоѓа во горниот лев агол. Од менито кое ќе се појави изберете ја опцијата **Help** и на крај изберете **About Firefox**. Доколку оперативниот систем на кој работите е Windows XP, изберете го **Help** менито и од истото изберете **About Firefox.**







За верзијата 3.5.10 утврдени се проблеми со функционирањето на апликацијата и не се препорачува да се користи за работа со апликацијата.

За да го подесите Pop-up blocker-от започнете со кликнување на копчето **Firefox**. Во менито кое ќе се отвори кликнете на **Options и повторно изберете Options.**




Од категориите кои ќе се прикажат во горниот дел на прозорецот, кликнете на **Content**.



Во табот на **Content** кликнете на копчето **Exceptions…** кое се однесува на **Block pop-up windows**.




при што се отвара прозорец во кој можете да додавате адреси.



Во полето Address of website внесете ја адресата на страната на е-Даноци https://etax-fl.ujp.gov.mk/ и кликнете на копчето **Allow**.




Со оваа постапка го завршувате потребното подесување на **Mozilla Firefox,** и можете да ја користите апликацијата.

## 3. Подесување на Pop-up Blocker во Internet Explorer 8

Доколку користите помала верзија на пребарувачот **Internet Explorer,** препорачуваме да ја надградите верзијата на IE 8, пред да почнете со останатите чекори опишани подолу.

За да проверите која верзија на Internet Explorer ја користите, одете во делот **Tools** , кој се наоѓа во горниот десен агол и од менито изберете **About Internet Explorer.**




Tools




Верзија на пребарувачот

За да го подесите Pop-up blocker-от започнете со кликнување на **Tools**,  и од менито кое се отвора избирете **Internet Options**.

Во прозорецот на **Internet Options** изберете го табот **Privacy**, изберете ја опцијата **Turn on Pop-up Blocker** и кликнете на копчето **Settings**.




Во прозорецот на **Pop-up Blocker Settings** во текстуалното поле **Address of website to allow** внесете ја адресата на страната на е-Даноци https://etax-fl.ujp.gov.mk/. и прво кликнете на **Add**, а потоа на копчето **Close**.




На крај кликнете на копчето ОК, за да се зачуваат направените промени.

Со додавањето на адресата на страната завршуваат подесувањата за пребарувачот **Internet Explorer 8** и можете да ја користите апликацијата.

Доколку користите **Internet Explorer 9** страната на УЈП можете да ја користите во **Compatibility View** со кликнување на копчето 




## 4. Инсталирање на Java

За правилна работа на апликацијата потребно е да имате инсталирано **Java**. Доколку немате инсталирано, тоа може да го направите на следниот начин:

Најпрво во интернет пребарувачот внесете ја адресата http://www.java.com/en/

Во страната која ќе се отвори кликнете на копчето **Free Java Download**.




На страната која ќе се отвори кликнете на копчето **Agree and Start Free download** (Слика 21) со што се симнува датотека за инсталација. За работа со апликацијата се препорачува верзијата Java 6.




Потоа со двоен клик на симнатата датотека продолжувате со инсталација на **Java**.

Доколку имате проблем при превземање на нова верзија на **Java** java7u51, треба да ги превземете чекорите дадени на сликите во продолжение. Одете на **Settings->Control Panel**:




Кликнете на **Java**:




Ќе ви се појави прозорец на кој треба да ги изберете следниве чекори:




## 5. Инсталирање на дигитален сертификат

Пред да го инсталирате софтверот за токенот, потребно е да проверите дали машината на која ќе работите е 32 битна или 64 битна машина. Истото може да го направите со помош на следниот чекор: **Start-> Programs-> Accessories-> System Tools-> System Information**. На прозорецот кој ќе се отвори во делот **System Type** се наоѓа потребната информација.



Вредноста која ја има делот **System Type** кажува дали користите 32-битна или 64-битна машина, на следниов начин:

- x86-based PC: 32- битна машина
- x64-based PC: 64- битна машина

Доколку користите 64 битна машина, при инсталација на софтвер за токенот на кој се наоѓа дигиталниот сертификат, потребно е истиот да се инсталира директно во C:, а не во Program files. Пример **C:\gemalto**

Доколку имате **SafeNet** токен, покрај драјверите кои треба да ги инсталирате за токенот, треба да ја инсталирате и апликацијата достапна на следниот линк https://webconnector.mt.net.mk/SNAplikacija/SafeNet_Borderless_Security.msi.

За правилна работа со токенот препорачуваме да имате инсталирано софтвер и драјвери само за еден токен поради можни проблеми кои настануваат во присуство на инсталирани драјвери за два или повеќе токени.

## 6. Проблеми со примање на маил од Е-даноци (само за маил адреси од домените hotmail, outlook и live)

Постои веројатност да Ви се случи да не примите маил за известување од системот Е-даноци во услови кога истиот испраќа голем број на е-маил пораки кон корисници кои имаат маил адреса од горенаведените домени. Поради овие причини треба да се најавите на Вашиот маил и да ја изберете опцијата **More mail settings** , која се наоѓа во горниот десен агол од Вашиот пребарувач.



Потоа одете во делот **Preventing junk email** и кликнете на **Safe and blocked senders.**




Изберете **Safe senders.**




Во полето **Sender or domain to mark as safe** внесете etax@ujp.gov.mk и кликнете на **Add to list>>**.




Емаил адресата etax@ujp.gov.mk треба да се појави во делот **Safe senders and domains.**




## 7. Проблеми со примање на маил од Е-даноци (само за маил адреси од доменот yahoo.com)

Постои веројатност да Ви се случи да не примите маил за известување од системот Е-даноци или да примите маил со задоцнување во услови кога истиот испраќа голем број на е-маил пораки кон корисници кои имаат маил адреса од доменот yahoo.com. Поради овие причини треба да се најавите на Вашиот маил и да ги направите следниве подесувања во делот **Settings**, кој се наоѓа во горниот десен агол од Вашиот пребарувач.




Изберете прво **Filters**, па кликнете на копчето **Add.**




При што ќе Ви се појави следниот прозорец:




Во полето **Filter Name** внесете *ujp,* додека во делот **Sender** , во **Match case** внесете **ujp.gov.mk.* На крај кликнете на копчето **Save**.